Претседателот на Нотарската комора согласно членот 11 став (4) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/07, 86/08, 139/09 и 135/11), на ден 16.12.2016 година, донесе решение со кое како ден за почеток со работа го определил 21 декември 2016 година, што е објавено во („Службен весник на Република Македонија" бр. 218/16 од 20 декември 2016 година).

На предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, одржани на 11 декември 2016 година, нотарот Антонијо Милошоски е избран за пратеник во Собранието на Република Македонија.

До Министерството за правда нотарот Антонијо Милошоски поднесе барање заведено под број 09-4694/1 од 28.12.2016 година, за мирување на нотарската служба за времетраење на функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија, за што приложи и Уверение за избран пратеник број 10-4093/1 од 27.12.2016 година, на предвремените парламентарни избори одржани во декември 2016 година.

Министерот за правда на ден 29.12.2016 година, согласно членот 32 став (2) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/07, 86/08, 139/09 и 135/11), донесе решение за мирување на нотарската служба за времетраење на функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија.

На Вонредните парламентарни избори кои се одржаа на 15 јули 2020 година Антонијо Милошоски повторно е избран за пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, кој мандат како пратеник согласно членот 5 став (1) од Законот за Собранието на Република Северна Македонија, му е верификуван на Конститутивната седница на Собранието на Република Северна Македонија, на ден 04.08.2020 година, со што му престана претходниот мандат, врз основа на кој по барање на нотарот Антонијо Милошоски беше донесено решение за мирување на службата нотар.

На ден 1.1.2017 година започна со примена новиот Закон за нотаријатот („Службен весник на РМ" бр.72/16 и 142/16), во кој не постојат одредби за мирување на службата нотар.

Согласно членот 5 став (2) од Законот за Собранието на Република Северна Македонија, мандатот на пратениците трае од денот на неговото верификување до денот на верификувањето на мандатот на новоизбраните пратеници, но не подолго од четири години, а според членот 35 став (1) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија"бр.72/16, 142/16 и 233/18), нотарската служба е неспојлива со вршење адвокатура и кое било друго платено занимање односно јавна функција.

Според членот 20 став (1) точка ж) од Законот за нотаријатот, нотарот ќе биде разрешен ако врши адвокатска дејност или кое било друго платено занимање или функција, односно врши некоја друга дополнителна дејност во трговско друштво или друг правен субјект во кој остварува профит или е член во управни, надзорни или други органи.

Министерството за правда согласно член 20 став (3) од Законот за нотаријатот, побара писмено произнесување од нотарот Антонијо Милошоски за причините за разрешување, при што барањето за произнесување број 09-2032/1 од 9.9.2020 година, на нотарот Антонијо Милошоски му беше доставено со препорачана пратка на адресата на живеење според досието на нотарот каде има пријавено престојувалиште на ул.„Васил Горгов"бр. 20/1-123-Скопје.

Видно од штембилот на Македонска пошта која ја вршела доставата, се констатира дека доставната служба направила прв обид за достава на барањето на ден 10.9.2020 година и втор обид за достава на ден 15.9.2020 година, но и покрај известувањето од Македонска пошта до нотарот, истото не е подигнато, поради што барањето е вратено во Министерството за правда.

Министерството за правда, поднесе барање до Македонска пошта да направи Побарувачки лист за движењето на пратката. Видно од побарувачкиот лист број 156, се констатира дека на ден 10.9.2020 година, Македонска пошта примила допис за достава под број RC 004180016 MK од адреса на испраќачот Министерството за правда, на примачот Антонијо Милошоски со адреса на ул.„Васил Горгов"бр. 20/1-123-Скопје. Од решението на побарувачкиот лист е наведено дека дописот е вратен на приемната пошта на ден 25.9.2020 година, а пратката е вратена на испраќачот на ден 29.9.2020 година, со констатација од поштата дека примачот не побарал.

Имајќи ги во предвид одредбите од членот 20 став (3) од Законот за нотаријатот, Министерството за правда барањето за произнесување број 09-2932/1 од 9.9.2020 година, заедно со фотокопие од прилозите кои беа вратени од Македонска пошта на ден 27.10.2020 година, со доставница за лична достава повторно беа доставени до Антонијо Милошоски како пратеник до Собранието на Република Северна Македонија, за што од архивата на Собранието на Република Северна Македонија има приемен датум од 27.10.2020 година и потпис на овластено службено лице.

Нотарот Антонијо Милошоски достави поднесок со произнесување по однос на причините за разрешување од заведено во Министерството за правда под број 09-2032/2 од 6.11.2020 година, во кој се наведува дека видно од прегледот за задолжително социјално осигурување издаден од Агенцијата за вработување со датум од 28.10.2020 година, непрекинато ја извршува функцијата пратеник, поради што според нотарот Решението за мирување на нотарската служба бр.09-4694/2 од 29.12.2016 година сè уште е во сила.

Ценејќи ги напред наведените наводи, а од друга страна постапувајќи согласно членот 20 став (1) точка ж) и став (2) од Законот за нотаријатот („Службен весник на РМ" бр.72/16, 142/16 и 233/18), Министерството за правда, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Бр. 09-2032/3
6 ноември 2020 година
Скопје

Министер за правда,
м-р **Бојан Маричиќ**, с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

**2079.**

Врз основа на членот 30 став 3 од Законот за метрологијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/02, 84/07, 120/09, 136/11, 6/12, 164/13, 41/14, 192/15, 53/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 215/21), министерот за економија донесе

### ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ УСЛОВИ ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ОДРЕДЕНИ ВИДОВИ НА МЕРИЛА, ПОСТАПКАТА ЗА ОВЛАСТУВАЊЕТО НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ, ЗАДАЧИТЕ НА ОВЛАСТЕНОТО ПРАВНО ЛИЦЕ И ОЦЕНАТА НА ИСПОЛНЕТОСТА НА БАРАЊАТА ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат дополнителните услови за верификација на одредени видови на мерила, постапката за овластувањето на правното лице, задачите на овластеното правно лице и оцената на исполнетоста на барањата за овластување.

Член 2

Правното лице кое има извршено упис во трговскиот регистар и регистарот на други правни лица во Централниот регистар на Република Северна Македонија може да добие овластување за вршење на верификација на одредени видови мерила доколку ги исполнува следните дополнителни услови:

- да е акредитирано согласно МКС EN ISO/IEC 17020:2012 тип А или МКС EN ISO/IEC 17025:2018 за тестирање на мерни инструменти, а неговиот опсег на акредитација да е во согласност со барањето за овластување на мерилата кои се опфатени во Правилникот за определување на категориите и видовите мерила за кои е задолжителна верификација, постапките за верификација, роковите на периодичната верификација, како и категориите и видовите мерила за кои може да се добие овластување за верификација;
- има вработено најмалку три лица во редовен работен однос со полно работно време, со високо образование од подрачјето за кое се бара овластувањето и тоа еден со најмалку пет и двајца со најмалку три години работно искуство во областа на метрологијата за која се бара овластување;
- поседува технички средства и опрема, која континуирано треба да биде калибрирана или верифицирана;
- има склучено договор за осигурување на мерилата и опремата кои се користат во постапката за верификација, како и договор за осигурување од професионална одговорност;
- ги применува прописите за верификација на мерилата, што се предмет на верификација;
- располага со копии на стандарди официјално добиени од Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија, кои се непосредно сврзани со постапките за верификација на одреден вид на мерила;
- не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење дејност на правното лице;
- поседува доказ дека лицата вработени во правното лице кои спроведуваат постапки за верификација имаат завршено курсеви или обуки за верификација на мерила и ракување со опремата која се користи во постапката за верификација на одредени видови мерила;
- води соодветна евиденција за работите поврзани со верификацијата на одредени видови мерила согласно прописите од областа на метрологијата и
- има доказ дека е солвентно.

Член 3

Постапката за овластување започнува со поднесување на барање за овластување до Бирото за метрологија кое треба да содржи:

- име, адреса и седиште на правното лице кое бара овластување за верификација;
- тековна состојба на правното лице издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија, не постара од 60 дена;
- образложение на барањето во кое ќе бидат наведени: опсегот за кој се бара овластување (видови на мерила, опсег на мерната величина, класа на точност на мерилата, вид на верификацијата), како и називот на прописот, по кој се бара овластување;
- копија заверена на нотар од сертификатот за акредитација согласно МКС EN ISO/IEC 17020:2012 тип А или МКС EN ISO/IEC 17025:2018 за тестирање на мерни инструменти со неговиот опсег на акредитација;
- потврда од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за лицата вработени кај правното лице, како и потврда од правното лице кое бара овластување со која се потврдува работното искуство согласно член 2 алинеја 2 од овој правилник;
- доказ дека поседува потребни технички средства и опрема, сертификати за калибрација или верификација на соодветните мерила и опрема кои се користат во постапките за верификација, како и друга соодветна документација за истите;
- договор за осигурување на мерилата и опремата кои се користат во постапката за верификација, како и договор за осигурување од професионална одговорност;
- опис на работните активности за примена на прописите во областа за која се бара овластувањето (работни упатства или технички процедури);
- список на потенцијални поддоговарачи кои учествуваат во процесот на подготовка за изведување на верификацијата, акредитирани за соодветната област (тип на мерила) согласно МКС EN ISO/IEC 17020:2012, тип Б или тип Ц;
- доказ дека располага со копии на стандарди официјално добиени од Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија, кои се непосредно сврзани со постапките за верификација на одреден вид на мерила;
- потврда од Централниот регистар на Република Северна Македонија дека над правното лице не е изречена прекршочна санкција забрана за вршење дејност на правното лице;
- докази дека лицата вработени во правното лице кои спроведуваат постапки за верификација имаат завршено курсеви или обуки за методите на верификација и ракување со мерилата и опремата кои се користат во постапката за верификација на одредени видови мерила, и
- потврда од Централниот регистар на Република Северна Македонија дека против правното лице не е отпочната постапка за стечај или ликвидација.

Член 4

По приемот на барањето за овластување на правното лице за верификација на одредени видови на мерила, Стручната комисија формирана од страна на Бирото за метрологија, го разгледува барањето со приложената документација, врши надзор на лице место кај подносителот на барањето и изготвува мислење дали барателот ги исполнува условите за добивање на овластување за вршење на верификација во рок од 90 дена од приемот на барањето.

Стручната комисија за извршената оцена за исполнетоста на барањата за овластување од став 1 на овој член составува записник. Доколку Стручната комисија утврди одредени неусогласености со одредбите од овој правилник се определува рок за нивно отстранување.

Член 5

Врз основа на позитивното мислење на Стручната комисијата, од страна на Бирото за метрологија се поднесува предлог за овластување на правното лице до министерот за економија.

Член 6

Решението за овластување на правното лице за верификација на одредени видови на мерила треба да ги содржи следните податоци:

- име, адреса и седиште на правното лице на кое му се дава овластување;
- опфат на овластувањето (видови на верификација, видови на мерила, опфат на мерната величина, класа на точноста);
- прописот со кој се утврдени метролошките услови за мерилата за кои се доделува овластувањето;
- податоци од сертификатот за акредитација (број, соодветен стандард);
- единствен број на жигот за верификација на овластеното правно лице и
- временскиот период за кој се дава овластувањето.

Член 7

Овластеното правно лице треба да:

- ги исполнува дополнителните услови од член 2 на овој правилник, непрекинато додека трае овластувањето;
- ги извршува верификациите согласно проверените постапки и Правилникот за начинот и постапката за прва, периодична и вонредна верификација на мерилата;
- го известува Бирото за метрологија за планираните и за извршените верификации на мерилата заради нивен упис во регистерот на верифицирани мерила;
- го известува Бирото за метрологија за извршените уплати, по основ на извршени верификации, согласно член 8 од Одлуката за висината и начинот на наплатувањето на надоместокот за услугите што ги врши Бирото за метрологија и овластеното правно лице;
- работи согласно добрата метролошка пракса (издава следливи мерни резултати со употреба на мерна опрема што е редовно калибрирана или верифицирана, употребува документирани и верификувани постапки, води и чува податоци за извршените мерења и ги исполнува другите барања на стандардот по кој е акредитиран) како и на подрачјето на своето метролошко делување надвор од опфатот на овластувањето;
- работи во согласност со добрата деловна пракса (резултатите од извршените мерења и грешките имаат карактер на деловна тајна);
- го известува Бирото за метрологија за сите настанати промени кои што влијаат на опфатот на овластувањето;
- води евиденција за сите издадени документи и извршени верификации по напатствијата од Бирото за метрологија;
- го известува Бирото за метрологија во согласност со неговите напатствија за сите жалби на своите клиенти во врска со работите за кои е овластено;
- ги следи метролошките потреби на Република Северна Македонија и се прилагодува на техничкиот развој на подрачјето на верификацијата на мерилата и
- редовно учествува во програми за обука за метролошката област во која работи и делува во согласност со издадените напатствија.

Член 8

Оцената на исполнетоста на барањето за овластување на правното лице за верификација на одредени видови на мерила се врши од страна на Бирото за метрологија.

При оцената од ставот 1 на овој член, овластеното правно лице треба да овозможи пристап до опремата и документацијата, со која докажува исполнетост на дополнителните услови и барања согласно овој правилник, како и пристап до сите простории и места каде се изведуваат работите што спаѓаат во опсегот на овластувањето.

При оцената од ставот 1 на овој член, може да биде побарано од овластеното правно лице изведување на одредени процедури согласно опсегот на овластувањето.

Член 9

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за дополнителните услови за овластување на правно лице за верификација на одредени видови на мерила, оцена на сообразност на тип на мерилата и метролошки надзор над пакуваните производи, постапка за овластување на правното лице, задачите на овластеното правно лице и надзорот над исполнетоста на барањата за овластување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 128/07).

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 25-2548/6
5 јули 2022 година
Скопје

Министер за економија,
**Крешник Бектеши**, с.р.

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2080.**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 16 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19), член 8 став (2) од Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 108/20, 133/20, 49/22, 54/22, 64/22 и 125/22) и Одлуката за определување на ескалираната густина $\rho e$ и деескалираната густина $\rho d$ на секој нафтен дериват и гориво за транспорт, висината на надоместокот P за премија, транспортните трошоци T до склад во Република Северна Македонија и висината на надоместокот D за трошоци за работење преку склад и трговска маржа со вклучени транспортни трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 238/21 и 52/22) Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 7.7.2022 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА НАФТЕНИТЕ ДЕРИВАТИ И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ

Член 1

(1) Највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт, изнесуваат:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 105,50 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 | 108,00 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 101,00 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 99,50 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | 51,564 (денари/килограм) |

(2) Трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати и горива за транспорт и пониско од највисоките цени утврдени во став (1) од овој член.

(3) Највисоките малопродажни цени формирани согласно со став (1) на овој член, освен цената за Мазутот М-1 НС, важат франко пумпна станица, а цената на Мазутот М-1 НС важи франко склад на трговец на големо со нафтени деривати и горива за транспорт во земјата.

(4) Во највисоките малопродажни цени формирани согласно со овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот за данокот за додадена вредност.

Член 2

(1) Во највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт утврдени со членот 1 од оваа одлука, содржани се и највисоките набавни цени, коишто изнесуваат: